Вест 11.05.2012г.

ГОСТУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ БАЛЕТ СО ПРЕТСТАВА НА ОЛГА ПАНГО И НАТАША ПОПЛАВСКА

# "Врати" на фестивал во Турција

Македонскиот национален балет, со претставата "Врати", во кореографија на Олга Панго, од денес до вторник гостува во Трабзон, Турција. Балетот ќе настапи на Интернационалниот црноморски театарски фестивал, кој годинава се одржува по 13-ти пат, а трае од 1 до 15 мај.

Балетот е на музика на Џенгиз Ибрахим, во режија на Наташа Поплавска, а играат Марија Јосифовска, Драган Кочовски, Билјана Пашариковска, Маја Митровска, Лиле Миленковска, Марина Ѓеоргиевска, Јан Киселиев и Мирослав Митрашиновиќ.



*Гостување на Интернационален фестивал во Трабзон.- Сцена од "Врати"*

"Врати" е приказна за едно соседство во кое доаѓа нов станар - девојка, претстава за обичните нешта и за забранетата љубов.